-

# ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО

## И З В Е Ш Т А Ј

**ЗА РАБОТА НА ОСНОВНИОТ СУД КИЧЕВО**

**ЗА 2оо7 ГОДИНА**

**КИЧЕВО ФЕВРУАРИ 2оо8 ГОДИНА**

## *ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО*

## *ВОВЕД*

ОСНОВНИОТ СУД ВО КИЧЕВО како самостоен и независен државен орган во рамките на судскиот систем и 2оо7 година ја вршеше својата судска функција врз основа на Уставот, Законите и Меѓународните договори и ја обезбедуваше примената на правото и заштитата на човековите слободи и права. Во тековната 2оо7 година Основниот суд во Кичево работеше со основна надлежност бидејки согласно Законот за судовите кој беше во примена од о1.о1.2оо7 година овој суд одлучуваше во прв степен по кривични дела и прекршоци согласно чл.3о од Законот за судови и тоа за кривични делаз а кои со закон како главна казна е определена до 5 години, за сите видови напрекршоци освен за прекршоците кој со закон се ставени во надлежност на орган на државна управа или организација во граѓанските спорови, за спорви во имотно правни и други граѓанско правни односи на физички и правни лица чија вредност е до 15.ооо иљади евра во денарска противвредност за спорови за утврдување и оспорување на татковство, мајчинство, утврдување на постоење на брак за поништување на брак и развод на брак за законски издршки, за чување и воспитување на деца, за смеќавање на владение за доживотна издршка, за надомест на штета која не надминува 15.ооо иљади евра во денарска противвредност во постапка за обезбедување и извршување, за работни односи во спорови од наследно правни односи, во вонпарнични и оставински работи , за водење на тапии и други работи утврдени со закон, односно намалена е надлежноста со што овој суд во извештајната година во работа немаше предмети за кривични дела е предвидена казна затвор над 5 години и ,кривични дела и прекршоци извршени од малолетни лица, за имотно правни спорови за физички и правни лица, чија вредност е над 15.ооо иљади евра, стечаи, и ликвидации.

Согласно ваквата надлежност во извештајната 2оо7 година за работата на Основниот суд во Кичево во овој извештај ке бидат дадени податоци за обемот за работата на судот за 2оо7 година, ажурноста во работењето на судот, квалитетот за работата на судот и судиите, ангажирањето на судиите во извршување на работата, како и оценка за работа на судот и судиите.

# ОБЕМ НА РАБОТА

Обемот на работа во судот ги опфаќа предметите за работа од целокупната стварна надлежност на судот прикажани преку сумарниот преглед на предметите по области, опис на предметите по области, нерешени предмети од претходната година, примени предмети во 2оо7 година, вкупно предмети во работа во 2оо7 година, решени предмети во 2оо7 година и односот на намалувањето односно зголемувањето на незавршени предмети на 31.12.2оо7 година во однос на нерешени предмети на о1.о1.2оо7 година.

## ДВИЖЕЊЕ НА ОБЕМОТ НА РАБОТА ВО СУДОТ

На о1.о1.2оо7 година останати предмети од претходната година во овој суд има 86о3, примени нови во 2оо7 година има 13887, или вкупно во работа биле 2249о предмети. Од кои решени се 18543 предмет, или 82,44%, а останале нерешени 3947 предмети или 17,55%.

Поради изменетата надлежност на овој суд односно воведување од проширена во основна надлежност и непостапување по определени предмети како е наведено во воведот на овој извештај нормално се очекуваше и намалување на приливот на предметите во 2оо7 година за разлика од 2оо6 година.

## ДВИЖЕЊЕ НА ОБЕМОТ НА РАБОТА НА СУДОТ

### КРИВИЧЕН ОДДЕЛ

### ИСТРАГИ

Во текот на 2оо7 година примени се во работа 41 истражен предмет заедно со нерешените 11 истражни предмети од претходната 2оо6 година, судот во извештајната година постапувал во 52 истражни предмети од кој решил 44 или 84,62%, а останале на крајот на годината за решавање 8 истражни предмети или 15,38%.

-Во 35 истраги постапката траела 3 месеци,
-Во 4 предмети постапката траела од 3 до 6 месеци,
- Во 5 предмети постапката од 6 месеци до 1 година.

Во однос на претходната година 2оо6 кога во работа имало 1о6 истражни предмети, во извештајната година обемот на истражните предмети е помал за 54 истражни предмети, што се должи на новата надлежност на овој суд.

## ***ИСТРАЖНИ ДЕЈСТВИЈА***

Од претходната 2оо6 година останале 18 нерешени предмети, примени во работа во 2оо7 година 115 предмети или вкупно во работа во 2оо7 година имало 133 предмети - истражни дејствија. Завршени се вкупно 1о3 предмерти, а останале за решавање уште 3о истражни дејствија.

-Во 65 одделни истражни дејствија траела 3 месеци,
-Во 26 предмети постапката траела од 3 до 6 месеци,
- Во 12 предмети постапката од 6 месеци до 1 година.

Во однос на претходната година кога во работа биле 1о6 предмети во извештајната 2оо7 година од овој вид на предмети има зголемување за 27 предмети.

Вообичаени проблеми во работењето на истражниот судија за водење на истрагите и истражните дејствија се големиот број на предмети за кој е потребно вештачење од страна на Бирото за судски вештачења и ненавремено доставување на наод и мислење, отсутност на лицата од местото на живеење, односно претежен број на осумничените лица се во странство, не се достапни до органите, а има проблеми и по однос на оѕивот на осомничените на поканите на судот и доставата.

## ***КРИВИЧНИ ПРЕДМЕТИ ПРОТИВ ПОЛНОЛЕТНИ ЛИЦА***

Од 2оо6 година од овој вид на предмети останале нерешени 49 предмети, примени во извештајната 2оо7 година се 225 предмети или вкупно во работа биле 274 предмети од нив се решени 217 предмети, а останале за решавање уште 57 предмети против полнолетни лица.

Од вкупно решените 217 предмети по жалба биле 97 предмети , потврдени се 54 предмети или 55,67%, укинати се 33 предмети или 34,о2%, а преправени се 7 предмети или 7,22%.

Во однос на претходната 2оо6 година кога во работа имало 341 предмет во извештајната година обемот на овој вид на предмети е намален за 67 предмети, што се должи на новата надлежност на овој суд согласно Законот за судовите, така што очекувано се намали бројот на ваков вид на предмети.

Односот помеѓу ефективно изречените казни и условните осуди, како и време траењето на постапката на овој вид на предмети ја покажува ефикасноста во изрекување на кривичниот прогон на осудените.

***Имено осудителни пресуди има донесено***:

а.) Осудителни пресуди 171

б) Ослободителни пресуди 13

в) Одбивателни пресуди 2

г) Отстапени на надлежност на друг суд 7

д) Запрени и на друг начин 24

***Траењето на постапката по овој вид на предмети изнесува:***

- До 3 месеци 173

-Од 3 до 6 месеци 28

-Од 6 месеци до 1 година 13

-Над 1 година 3

Во 8 предмети има поднесено барање за вонредно ублажување на казна.

Барање за повторување на постапката има поднесено во 8 предмети.

Барање за преиспитување на пресуда во 6 предмети.

Барање за помилување во 6 предмети.

## ***МАЛОЛЕТНИЧКИ ПРЕДМЕТИ***

На о1.о1.2оо7 година од овој вид на предмети останале нерешени 2 предмети и 2 се ново примени или вкупно во работа биле 4 малолетнички предмети во извештајната година. Решени се сите 4 предмети.

## РАЗНИ КРИВИЧНИ ПРЕДМЕТИ

Во извештајната година има вкупно во работа 139 предмети од овој вид од кој решени се 133 предмети, а останале за решавање уште 6 предмети.Во оваа група на разни кривични предмети спаѓаат: кривичните помолници, разни истражни дејствија и кривични предмети по уписник "КР" одлуки на кривичен совет "КС" условен отпуст и прекин на казна "УОПК", помилување, вонредно ублажување на казна, вонредно преиспитување на правосилна пресуда и повторување на кривичната постапка.

## ПРЕКРШОЧНИ ПРЕДМЕТИ

На о1.о1.2оо7 година останале нерешени 989 предмети. Примени во работа во извештајната година се 7521 предмет или вкупно во работа во 2оо7 година 851о прекршочни предмети.

Во 2оо7 година се решени 7545 предмети или 88,66%, предмети, а останале за решавање уште 965 предмети или 11,34%.

Во 2оо7 година од овој вид на предмети по жалба биле 272 предмети, од обжалените 272 предмети , потврдени се 2о7 предмети или 76,1о %, укинати 34 предмети или 12,5 % и 31 преправени или 11,4о%.

Од вкупниот број на донесени одлуки во 2оо7 година необжалени се 7273 предмети. Од вкупно решените 7545 предмети:

- во 611о изречена казна или 8о,98 %,

-запрена е постапката по 589 или 7,8о %,

-донесени се решенија 3о14 по или 39,94 %,

-со пресуда се донесени 4531 или 6о,о5 %,

-Мерки на безбедност се ирзечени 484 предмети и тоа:

-По Закон за безбедност на патиштата 4о6,

-По Законот за шуми 67,

-По Закон за оружје 5,

-По Закон за царина 2,

-Закон за акцизи 1,

-Закон за трговија 3,

-Закон за ЈРМ. 4,

-Закон за патни исправи 4,

Вонредни правни лекови и тоа барање за повторување на постапката е поднесено по 3 предмети.

### ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРЕКРШОЧНИ САНКЦИИ

На о1.о1.2оо7 година останале неизвршени 474 предмети, во работа во извештајната година е 1 или вкупно за извршување имало 475 предмети .Од нив се решени 4о3 прекршочни санкции,а останале нерешени 72 предмети.

Од вкупно извршените 4о3 предмети наплатени со казни има во 83 предмети.

А 314 предмети се решени како апсолутно застарени.

### ГРАЃАНСКА ОБЛАСТ

На о1.о1.2оо7 година останале нерешени 323 предмети, примени во извештајната година се 1о14 предмети во кој спаѓаат и укинатите од 2оо6 година 171 предмет или вкупно во работа биле 1337 предмети. Од кој решени се 1о16 предмети, а останале за решавање уште 321 предемет.

Со пресуда се решени 536 предмети или 52,76%, со спогодба 59 предмети или 5,8%, 25о предмети се решени на друг начин или 24,6о%, и 171 предмет решени од укинатите или 16,83%.

Во текот на 2оо7 година обжалени биле 468 предмети од кој , потврдени се 264 предмети или 56,41%, преправени се 35 или 7,48%, и укинати се 157 или 33,55%.

Во 2оо7 година поднесени се ревизии по 32 предмети. Од кој потврдени се 21 предмети 65,62%, а укинати 5 предмети 15,62%.

### СТОПАНСКИ ПАРНИЦИ

На о1.о1.2оо7 година останале нерешени 87 предмети, а примени се нови 17 предмети, или вкупно во работа во извештајната година биле 1о4 стопански предмети .

Овде треба да се нагласи дека овој суд во извештајната 2оо7 година немаше надлежност да постапува по ваков вид на предмети, така што ново примените 17 предмети во извештајната 2оо7 година се заведени пред да се донесе Упатството за начинот на отстапување на предметите во Основниот суд во Гостивар како надлежен суд да постапува по овие предмети.

Од вкупно 1о4 предмети во извештајната година решени се 98 предмети, а останале за решавање уште 6 предмети. Со пресуда се решени 76 предмети , 2 со спогодба и 2о на друг начин.

Во текот на 2оо7 година обжалени биле 34 предмети или 34,69% од кој 22 предмети потврдени или 64,7о% , 1о укинати или 29,41% и 2 преправени или 5,88%.

### *СТЕЧАИ И ЛИКВИДАЦИИ*

На о1.о1.2оо7 година останале за решавање 23 стечајни предмети. Ново примени се уште 3 предмети или вкупно во работа од овој вид на предмети во извештајната 2оо7 година биле 26 предмети. Од нив се решени 23 предмети или 88,46 %. а останале за решавање уште 3 предмети.

### *ПЛАТНИ НАЛОЗИ*

На о1.о1.2оо7 година останале за решавање 6 платни налози, примени се во работа 1579 предмети или вкупно во работа во извештајната година биле 1585 И сите се решени предмети или 1оо%.

### *ВОНПРОЦЕСНИ ПРЕДМЕТИ*

На о1.о1.2оо7 година останале 34 предмети вонпроцесни предмети , а примени во извештајната година 1339 или вкупно во работа биле 1373 предмети.Од кој решени се 134о предмети, или 97,59 %,а останале за решавање уште 33 предмети или 2,4о%.

Во овие предмети се евидентираат збирно разни ВПП-предмети.

Од вкупно решените по жалба биле 1о предмети од кој 7 се потврдени или 7о%предмети, 2 укинати предмети или 2о% и 1 предмет преиначен или 1о%.

### *ОСТАВИНСКИ ПРЕДМЕТИ*

На о1.о1.2оо7 година останале нерешени 28 оставински предмети.Примени се нови 379 предмети или вкупно во работа биле 4о7 предмети.Од нив во извештајната година решени се 38о предмети или 93,36%,а останале за решавање уште 27 предмети или 6,63%.

Од вкупно решените 38о предмети по жалба биле 11 оставински предмети, од кој 7 се потврдени или 63,63 %,и 4 предмети укинати или 36,36%.

### *ИЗВРШНИ ПРЕДМЕТИ*

На о1.о1.2оо7 година од овој вид на предмети останале нерешени 651о предмети, И сите тие предмети биле во работа во извештајната година бидејки согласно Законот за извршување од 26.о5.2оо6 година овие предмети не се во надлежност на судската власт.

Во текот на извештајната година од останатите 651о предмети решени се 4126 предмети или 63,38%,а останале за решавање уште 2384 предмети или 36,62 %.

Од вкупние решени 23 предмети од кој 18 се потврдени или 78,26 % ,5 предмети се укинати или 21,73 %.

### *ПРИГОВОР ПРОТИВ НАЛОГ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ*

На о1.о1.2оо7 година од овој вид на предмети нема предмет пренесен од претходната 2оо6 година, а како ново примени во извештајната година се вкупно 117 предмети, каде Претседателот на судот одлучувал по приговор против налог за извршување, давање дозволи за преземање извршни дејствија, изрекување на парични казни, барање за одлагање од извршување и решени се сите 117 предмети или 1оо%.

Од вкупно решените предмети во 23 предмети поднесена е жалба од кој потврдени 21 предмет или 9о,35%, а укинати 2 или 8,69%.

### *ТАПИИ И ИНТАБУЛАЦИИ*

./.

На о1.о1.2оо7 година имало нерешени 5 предмети од овој вид, а ново примени во извештајната година се 54 предмети или вкупно во

работа биле 59 предмети.Од нив решени се 57 предмети или 96,61%, а останале за решавање уште 2 предмети или 3,38%.

### *ЗАВЕРКИ*

Судот во извештајната година постапувал 1374 барања за заверки и сите ги решил.

### *ГРАЃАНСКИ ПОМОЛНИЦИ*

Од овој вид на предмети од претходната 2оо6 година останал 1 нерешена помолница, а 4о се ново примени, или вкупно во работа имало 41 помолници од кој 4о се решени, а останала за решавање 1 помолница.

## *АЖУРНОСТ*

### *АЖУРНОСТ НА СУДОТ*

Совладувањето на приливот на предметите, времето на решавање на предметите, бројот на старите нерешени предмети и месечниот заостаток на предметите ја чини ажурноста на судот.

а) Според критериумот совладување на приливот на предметите судот се смета за ажурен ако го совлада приливот на предметите во текот на годината.Од прегледот може да се заклучи дека од приливот во текот на годината во Основниот суд Кичево и тоа 13.887 предмети решени се 18.543 предмет или 82,44% , што значи дека во извештајната година овој суд работел ажурно и го совладал приливот.

***б) Ажурноста спрема време траењето на постапката***.

Во прегледот на време траењето на постапката се прикажани вкупно решените предмети : истраги, истражни дејствија, кривични предмети за полнолетни лица, кривични предмети за малолетни и предметите од граѓанската област.

***Према време траењето***:

- До 3 месеци траела постапката по 75о предмети , или во процент 54,34%.

-Од 3 до 6 месеци траела постапката по318 предмети, или во процент 23,о4%.

-Од 6 месеци до 1 година траела постапката по 235 предмети, или во процент од 17,о2%..

-Над 1 година траела постапката по 8о предмети, или во процент 5.76%

***в).Ажурност спрема бројот на стари нерешени предмети***.

Спрема овој критериум за стари нерешени предмети се сметаат незавршените предмети кој за прв пат се заведени пред 2 години сметано од извештајната година.

Стари нерешени предмети во кривичен оддел има само 1 предмет, во граѓански оддел 17 предмети, има 2 стари нерешени предмети стечаи, 1 предмет од вонпарнична постапка, како и 12о извршни предмети. Ова значи дека и во овој дел спрема овој критериум овој суд е ажурен. Имено се работи за предмети во поголем број само во извршната постапка, а причина за нерешавање на овие предмети е тоа што лицата против кој е насочено извршувањето се корисници на социјална помош, отежнато извршувањето да поголем дел од должинците се во странство и други објективни причини.

***г) Ефикасност и ажурност на судот спрема времето на решавање на заостатокот на предметите.***

Согласно овој критериум како апсолутно ефикасен суд ке се смета оној суд кој има заостаток на предмети кој предмети судиите можат да ги завршат во време до 3 месеци. Како ефикасен суд со месечен заостаток на предмети во работа за решавање до 6 месеци, релативно ефикасен суд до 1 година, а сите судови кај кој заостатокот на нерешени предмети изнесува над 1 година или повеке ке се смета како неефикасен суд.

Во прегледот се дадени нерешени предмети на 31.12.2оо6 година а вкупно биле 86о3 предмети, потоа даден е просек на решени предмети во текот на извештајната година за 1о,5 месеци. Вкупно решените 18531 предмет со заостатокот на предметите од 3947 се подели ке се добие за кој временски период овој заостаток на предмети судиите можат да го завршат односно дали за 3 месеци, 2 месеци или 1 месец. Согласно овој критериум Основниот суд во Кичево е апсолутно ефикасен, бидејки заостатокот на предметите може да го реши за 2 мессеци и 23 дена.

## *КВАЛИТЕТ НА РАБОТА НА СУДОТ И СУДИИТЕ*

### ***ИСТАЖНИ ПРЕДМЕТИ***

Од вкупно решените 44 предмети изјавени се жалби против решенијата на истражниот судија за спроведување на истрага 12 предмети. Што претставува 27,27% од вкупно решените предмети. Сите жалби од страна на кривичнито совет се одбиени,или во процент 1оо%.

Истражниот судија во 2 предмети изјави неслагање со барањето за спроведување на истражни дејствија, а кривичнито совет во 2 случаи го одбил барањето.

### ***КРИВИЧНИ ПРЕДМЕТИ ПРОТИВ ПОЛНОЛЕТНИ ЛИЦА***

Од вкупно се решени 217 предемти од кој се обжалени 97 предмети или 44,7о%, а необжалени останале 12о предмети или 55,29%.

Од обжалените 97 предмети потврдени се 54 предмети или 55,67%, укинати 33 предмети или 34,о2%, и преправени 7 предмети или 7,22 %.

### ***ПРЕКРШОЧНИ ПРЕДМЕТИ***

Од вкупно решените 7545 прекршочни предмети обжалени се 285 птредмети или 3,77%, од кој 217 одлуки потврдени или 76,14%, укинати 37 одлуки или 12,98% и преиначени 31 одлука или 1о,87%.

## *ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ*

### ***ПРОЦЕСНИ ПРЕДМЕТИ***

Од вкупно решените 1о16 предмети обжалени 468 предмети или 46,о6%, потврдени се 264 одлуки или 56,41 %, укинати одлуки 157 или 33,55% , а преправени 35 одлуки или 7,48%.

### ***СТОПАНСКИ ПРЕДМЕТИ***

Од вкупно решените 98 предмети обжалени се 34 предмети или 34,69%, од кој 22 одлуки се потврдени или 64,7о%, 1о одлуки се укинати или 29,41% И 2 одлуки преиначени или 5,88%.

### ***ВОНПРОЦЕСНИ ПРЕДМЕТИ***

Од вкупно решените 42 предмети обжалени се 1о одлуки, или 26,19% од кој потврдени се 7 одлуки или 7о%, укинати се 2 одлуки или 2о% и 1 одлука е преиначена или 1о%.

***ОСТАВИНСКИ ПРЕДМЕТИ***

Од вкупно решените 38о оставински предмети по жалба биле 11, или2,89 % од кој потврдени се 7 или 63,63%, укинати одлуки се 4 или 36,36%

***ИЗВРШНИ ПРЕДМЕТИ***

Од вкупно решените 4126 предмети, обжалени се 23 предмети, или о,55%, од кој потврдени одлуки се 18, или 78,26%, укинати одлуки се 5 или 21,73%,

Од вкупно решените 117 предмети по приговор против налог за по извршување по жалба биле 23, од кој 21 одлука се потврдени или 91,35%, и 2 одлуки укинати или 8,69%.

## ***ОЦЕНКА ЗА РАБОТА НА СУДОТ И СУДИИТЕ***

За реализација на Прогамата за работа во 2оо7 година на одржаните седници на судии постојано се следеше вкупната работа на Основниот суд Кичево, се разгледуваа пројавените проблеми во работењето, како на граѓанскиот така на кривичниот оддел и се преземаа мерки и се утврдуваа предлози и решенија за надминување на состојбата со посебен осврт на старите нерешени предмети, а и на заостанатите извршни предмети.

Исто така посебно се водеше контрола за приливот на предметите и поголемиот број на нерешени предмети во тековната 2оо6 година за што во второто тромесечие со согласност на сите судии во граѓански оддел се направи вонреден распоред за решавање на заостанатите нерешени 651о извршни предмети, на начин што секој судија кој работел во граѓански оддел му се додели по 1 бројка од извршните предмети што резултира позитивно решавајки 4126 извршни предмети односно решавајки повеке од 1/2 од нерешените 651о предмети од претходната година или во процент 63.37%.

Исто така треба да се даде оценка за работа на судиите на начин што сите судии рамноправно беа ангажирани и сите ја исполнија нормата за работа покажувајки поголем процент на квалитет во извештајната година. Со извршување на предметите на работа судот треба да биде задоволен и од причини што заостатокот односно нерешените 3947 предмети кога ке се поделат со просекот на решените предмети во текот на извештајната година за 1о,5 би можело да се совлада за 2,есецо о 23 дема месечна работа, што значи дека судот е апсолутно ажурен.

При тоа треба да се нагласи дека во текот на спроведување на постапката по предметите судиите се соочуваа со разни проблеми , а посебно за неуредна достава која се врши по селата и надвор од

подрачјето од причини што надлежноста на овој суд опфака 1/6 од територија на Република Македонија, а од страна на Министерството за правда одредени села не се опфатени со нивни доставувачи кој ни помагаа во доставата, а трошоците за достава преку Македонски пошти беа преголеми.

Исто така во определен дел на предмети посебно кај истражните и кривичните предмети долгиот период на изготвување на вештачењата беа причини за ненавремено и недоволно постапување по овие предмети.

Овде треба да се нагласи дека заклучно до 31.12.2оо6 година по предметите по жалба на овој суд решаваше Апелациониот суд во Битола,а од о1.о1.2оо7 година Апелациониот суд во Скопје, а трансферот на предметите одеше бавно согласно Упатството од Министерството за Правда овој суд смета дека и ова е причина што влијае на ажурноста и ефикасноста во работењето.

ФИНАНСИРАЊЕ И ОПРЕМА НА СУДОТ

Во текот на извештајниот период Основниот суд во Кичево обезбедувајки средства за своето работење предвидени со Буџетот на Република Македонија наидуваше на проблеми за исплата на ПТТ -услугите и други услуги но со големи напори со склучување на Спогодби поголемиот дел се исплати.Во извештајната година најповеке се јавуваа рпоблеми по однос на функционирање на информатичкиот систем бидејки работи со стари компјутери, а работното место Информатичар сеуштен е е потполнето, а што е уште пожалосно неможност да се набават и печатари за компјутерите, односно доградба за да би функционирале сите потреби за непречено судење, претсната просторија за архива и неможност да се воведува шалтерски систем.

Треба да се има во предвид дека поголем дел од предвидените работните места не се потполнети, а посебно стручните работни места -советник,виш соработник, стручен соработник,приправник

ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО, СУ.бр.о1о3-83/2оо8 од о6.о2.2оо8 година

По однос на годишниот извештајот за работа на овој суд за оваа година , мислењето од Врховен суд на РМ , е дека Основен суд Кичево во 2оо7 година го совладал приливот по сите основи и го намалил заостатокот на нерешените предмети за 4.656 предмети.